**20162265000**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА

Врз основа на член 38 став (3) од Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија" бр. 72/16 и 142/16), министерот за правда донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА ЕЛЕКТРОНСКАТА ЕВИДЕНЦИЈА НА ИЗВРШИТЕЛИТЕ, ЗАМЕНИЦИТЕ НА ИЗВРШИТЕЛИТЕ И ПОМОШНИЦИТЕ НА ИЗВРШИТЕЛИТЕ

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на водење на електронската евиденција на извршителите, замениците на извршителите и помошниците на извршителите ( во натамошниот текст: евиденцијата).

Член 2

Евиденцијата се води на софтвер кој овозможува следење на секој поединечен внес на податоци, заштитен од неовластени измени согласно прописите за електронска заштита на податоците.

Член 3

Податоците во евиденцијата кои се однесуваат на личното име и датумот на раѓање на извршителот, седиштето на извршителот, датумот кога е именуван за извршител и подрачјето на основниот суд за кое е именуван извршителот, се внесуваат по донесувањето на решението за именување на извршителот.

Податоците во евиденцијата кои се однесуваат на дисциплински мерки кои им биле изречени на извршителот, заменикот на извршителот и помошникот на извршителот се внесуваат по доставување на одлуките од страна на Дисциплинската комисија при Комората на извршители на Република Македонија.

Податоците во евиденцијата кои се однесуваат на личното име и датумот на раѓање на заменикот на извршителот, односно на помошникот на извршителот и името на извршителот во чија канцеларија работи, се внесуваат откако истите ќе бидат доставени од страна на извршителот. Извршителот податоците ги доставува најдоцна пет дена по започнувањето со работа на заменикот на извршителот, односно на помошникот на извршителот во канцеларијата на извршителот.

Член 4

Со денот на отпочнување со примена на овој правилник престанува да важи Правилникот за начинот на водење на евиденцијата за извршителите („Службен весник на Република Македонија" бр.90/05).

Член 5

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе отпочне да се применува со отпочнувањето на примената на Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија" бр. 72/16 и 142/16).

Бр. 01-4722/1
29 декември 2016 година
Скопје

Министер за правда,
**Валдет Џафери,** с.р.